ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

**ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ**

Колегиумот е одржан на ден 29.09.2015 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни** : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓеоргиевска, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Директор на ЛУ Градски Музеј Драган Величковски, Советник Игор Додевски, Советник Александар Ангелов Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се подготви и поднесе барање за изработка на проект за канализација во с. Конопница. При изработка на проектот да се води сметка за проектот за патот, и за пречистителна станица при предвидување на краците. Никола Граматиков 29.09.2015

Да се собираат податоци и водат активности за изработка на проект за Пречистителна станица за Крива Паланка. Никола Граматиков 29.09.2015

Во врска со изградба на проектот за канализација на Бојанов Дол да се изврши координација за поставување на шахтите. Никола Граматиков и Томе Тодоровски 29.09.2015

За Белевски Дол да се достави документација до одделение за општи и правни работи за одземање на корисничко право. Никола Граматиков 29.9.2015

За реализација на проектот Водоснабдување на Висока зона Лев Брег да се информира Градоначалникот за преземените активности. Никола Граматиков 29.9.2015

Да се известува Градоначалникот за активностите и состојбата на постапките во врска со проектите кои ќе се реализираат со финансии преку АФПЗРР и за изградбата на повеќенаменското игралиште во с. Конопница. Никола Граматиков 29.09.2015

Активностите за чистење на речните корита, да се водат во координација со ЈП Македонски Шуми и Дирекцијата за заштита и спасување. Александар Ангелов 29.09.2015

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Градоначалникот да се известува за активностите во врска со Урбанистичките планови за и изготвувањето на општите акти. Добривој Николовски 29.9.2015

Да се утврдат можни површини за изградба на згради и да се даде предлог до Градоначалникот. Добривој Николовски пренесено од претходниот колегиум

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се изготви Решение за комисија за назначување на одговорни лица за скенирање на општината во врска со проекти на Светска Банка, како и за назначување на тим кој ќе работи на задачите. Игор Додевски 29.09.2015

До Влада да се достави Барање – Меморандум за оштетување на локални патишта од превоз на дрва Игор Додевски 29.09.2015

За 8-ми Октомври да се пушти покана за Свечената Седница Јаготка Николовска 29.09.2015

**Одделение за инспекциски надзор**

Во врска со канализацијата Мождивњак прва фаза да се изврши увид на лице место да се нотираат недостатоци и иститe да се достават до изведувачот. Бранко Велиновски пренесено од претходниот колегиум

Заедно со комисијата да се изврши увид и да се подготви листа на системи кои треба и можат да се предадат на ЈП Комуналец пренесено од претходниот колегиум 21.09.2015

Да се продолжи со организација за Хуманитарната трка на 4 Октомври. Бранко Велиновски пренесено од претходниот колегиум 21.09.2015

Да се подготви одлука за наредната седница на Советот на Општина Крива Паланка за затворање на депонијата и пренос на отпадот. Бранко Велиновски и Јаготка Николовска 29.09.2015

**Одделение за финансиски прашања**

Во врска со наплата на концесискиот надоместок од страна на рудникот Тораница да се подготват сите потребни документи, како и да се побараат договорите за концесија од Министерството. Татјана Ѓеоргиевска и Игор Додевски 29.9.2015

Да се види за распоредување на комуналните трошоци за користење на просториите со останатите институции во општината. Пренесено од колегиумот од 7.9.2015

Да се закаже и одржи состанок во врска со Црквата. Татјана Ѓеоргиевска, Јаготка Николовска, Игор Додевски 29.09.2015

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Во врска со состанокот со консултантот на Светска Банка да се изготват Решенија за раководители Душко Арсовски и Татјана Ѓеоргиевска како одговорни лица и Решение за лицата кои ќе ги водат активностите за собирање на податоци во врска со скенирање на потребите на населените места во општината. Душко Арсовски и Игор Додевски 29.09.2015

Да се изврши координација и консултации во врска со проектот за реновирање на салата во ОУ Илинден и да се даде известување до Градоначалникот. Душко Арсовски, Оливер Дејановски, Никола Граматиков. 29.09.2015

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

При изработката на проектот за канализација во с. Конопница, како и за пречистителната станица за градот Крива Паланка активно да се вклучат вработени во ЈП Комуналец . Томе Тодоровски 29.09.2015

Во координација со одделението за комунална инфраструктура да се излезе на терен за канализацијата Бојанов дол и да се започне со поставување на шахтите. Томе Тодоровски и Никола Граматиков 29.09.2015

Комисијата за примопредавање на канализациони системи да ги води активностите со увид во документацијата за постојните канализациони системи, како и се увид на лице место. Томе Тодоровски 29.09.2015 г

**ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА**

Изготвил И. Додевски
Крива Паланка 29.9.2015 година